*ОПШТИНА КАРПОШ*
*ГРАДОНАЧАЛНИК*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 45-6351/10
Датум: 24.09.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 35 а во врска со чен 51, став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Карпош, го донесе следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на јавна презентација и јавна анкета за Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи на КП 948/1, КП 918/1 и КП 918/2, КО Бардовци, Општина Карпош.

Јавната анкета за Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи на КП 948/1, КП 918/1 и КП 918/2, КО Бардовци , Општина Карпош, ќе се одржи од 27.09.2018 година до 03.10.2018 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи на КП 948/1, КП 918/1 и КП 918/2, КО Бардовци , Општина Карпош. ќе се одржи на <u>ден 01.10.2018 година во 13.00 часот</u>, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Проектниот опфат ги опфаќа КП 918/2, дел од КП 918/1 и дел од КП 948/1 КО Бардовци.

Површината на опфатот на просторот за кој се однесува овој Архитектонско-урбанистички проект изнесува П= 3066 м2.

Анкетните листови за учество ва Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и на системот Е-урбанизам

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета, графичкиот приказ за Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи на КП 948/1, КП 918/1 и КП 918/2, КО Бардовци , Општина Карпош и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk и на системот Е-урбанизам.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица, можат да достават забелешки на анкетни листови во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и во електронска форма преку информацискиот систем Е-урбанизам. согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев